РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Национална установа - Центар за култура "КОЧО РАЦИН" - Кичево
Institucioni Nacional Qendra e Kulturës "KOÇO RACIN" - Kërçovë

| Примено / Pranuar: 19.02.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03 | 26/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
Бр. УП1 21-625/2024
13.02 2025 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24), министерот за култура и туризам донесе

# РЕШЕНИЕ

1. За проекти од национален интерес во културата за 2025 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** за 2025 година доставена до Министерството за култура и туризам под бр. УП1 21-625 од 03.07.2024 година **СЕ ИЗБИРААТ** следниве проекти:

- **од областа на драмската дејност**:

| | |
|---|---|
| 1.1. „Господин Колперт“ - автор Дејвид Гизелман, режија Михајло Петревски (на македонски јазик) | 70.000 ден. |
| 1.2. „Братство или интерес“ - автор Кристо Флоќи, режија Ерјона Ахмети (на албански јазик) | 70.000 ден. |

- **од областа на музичката и музичко-сценската дејност**:

| | |
|---|---|
| 1.1. Рецитал на Зана Зумери | 40.000 ден. |
| 1.2. Концерт на млади пијанисти | 20.000 ден. |
| 1.3. Диес Бона | 40.000 ден. |

- **од областа на фолклорна дејност:**

| | |
|---|---|
| 1.1. 18-ти Меѓународен фолклорен фестивал на народни песни и ора „Д-р Владимир Полежиноски“ | 350.000 ден. |
| 1.2. „Традиционален годишен концерт на КУД Рацин (Велигденски концерт)“ | 100.000 ден. |
| 1.3„Школа за народни инструменти“ | 50.000 ден. |
| 1.4 „Школа за народни танци и ора“ | 100.000 ден. |
| 1.5 „Школа за народни танци и ора на албански јазик“ | 100.000 ден. |
| 1.6 „Ден на албанската азбука“ | 200.000 ден. |
| 1.7 „Ревија на традиционални регионални носии“ | 70.000 ден. |
| 1.8 Материјални трошоци за работа на установата | 50.000 ден. |

- **од областа на визуелната уметност архитектурата и дизајнот :**

| | |
|---|---|
| 1.1. „Бисери -вториот волумен“, Арбана Дехари | 40.000 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. | „Белези од традицијата“ Елизабета Наумчевска | 40.000 ден. |
| 1.3. | „Убавина на срцата“Лулзиме Османи, Косово | 50.000 ден. |
| 1.4. | „Текстура во сликарството“Арбереша Амет | 40.000 ден. |
| 1.5. | „Четки и ритам“ Шќипе Мхмети | 40.000 ден. |
| 1.6. | 11-та „МЕЃУНАРОДНА КЕРАМИЧКА РАБОТИЛНИЦА“ - КИЧЕВО | 200.000 ден. |

**- од областа на литературата и издавчката дејност:**
1.1. 5ти МАЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА 50.000 ден.

**- од областа на библиотечната дејност:**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1. | Одбележување на светскиот ден на поезијата | 30.000 ден. |
| 1.2. | Млади библиотекари 2025 (домаќини на Републичкиот натпревар) | 70.000 ден. |
| 1.3. | Поетска Рацинова вечер по повод патрон празник на НУЦК „Кочо Рацин“ | 30.000 ден. |
| 1.4. | Набавка на книги на македонски јазик | 175.000 ден. |
| 1.5. | Набавка на книги на албански јазик | 175.000 ден. |

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** за 2025 година доставена до Министерството за култура и туризам под бр. УП1 21-625 од 03.07.2024 година, од областа на:

- **инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**:
2.1. Промена на теписоните (синтелонот) во фоајето на центарот,
2.2. Набавка на инвертор климатизери за загревање на дел просториите и канцелариите во центарот,
2.3. Санација и реконструкција на wc-то во центарот,
2.4. Промена на прозори и врати во центарот за култура втора фаза,
2.5. ГАЛЕРИЈА и
2.6. Музеј галерија Омер Калеши.

- **меѓународна дејност:**
2.1. Турнеја на КУД „Рацин“ во Анталија, Турција

- **музичката и музичко-сценската дејност**:
2.1. Хармониес Акрос Бордерс;
2.2. Антички мотиви (Стари мотиви).

- **библиотечната дејност**:
2.1. Културни манифестации и активности за популаризација на книгата и читањето.

**- визуелната уметност, архитектурата и дизајнот :**
2.1. „Еден мотив и две уметнички полиња“ Есра Лута
**СЕ ОДБИВААТ.**

3. Министерството за култура и туризам и директорот на Националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на Националната установа за 2025 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/24), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура и туризам доставува нацрт-годишна програма за работа на установата. Во нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат средствата кои се планирани да се остварат по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура и туризам на ден 19.6.2024 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за националните установи од областа на културата за доставување нацрт-годишна програма за 2025 година.

**Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево**, со допис бр. УП1 21-625 од 03.07.2024 година до Министерството за култура и туризам, достави Нацрт-годишна програма за работа на установата за 2025 година.

Во согласност со член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во нацрт- годишната програма одлучува министерот за култура и туризам на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (5) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за **драмска дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 20-833/1 од 31.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата за **музичка и музичко-сценска дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-829/1 од 31.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата **за музичка и музичко-сценска дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-829/1 од 31.01.2025 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за**

**култура „Кочо Рацин“ од Кичево** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини:

- Хармониес Акрос Бордерс - Комисијата го одбива проектот поради тоа што не содржи доволна аргументација за неговата уметничка и естетска оправданост, дополнително нема задоволително ниво за проект од националнен интерес;
- Антички мотиви (Стари мотиви) - Комисијата го одбива проектот поради тоа што не содржи доволна аргументација за неговата уметничка и естетска оправданост, дополнително нема задоволително ниво за проект од националнен интерес.

Комисијата за **фолклорна дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-831/1 од 31.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата **за визуелни уметности, архитектура и дизајн** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 23-832/1 од од 31.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата за **визуелни уметности, архитектура и дизајн** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 23-832/1 од од 31.01.2025 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Крива Паланка** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини:

- „Еден мотив и две уметнички полиња“ Есра Лута, согласно описот не ги задоволува квалитативните мерила, критериуми и дополнителни критериуми на Комисијата, односно немаат доволно елементи од национален интерес.

Комисијата **за литературата и издавачката дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 24-830/1 од од 31.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** предложи проектот од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се избере за проект од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата за **библиотечна дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 219/3 од 30.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата за **библиотечна дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 219/3 од 30.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** предложи проектот од точката 2 на ова решение да се одбие од следниве причини: затоа што немаат адекватно и издржано образложение, со нереален и неиздржан буџет и без аргументи за квалитетот што го нудат.

Комисијата **за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 50-280/5 од

31.01.2025 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини: се одбива бидејќи не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и туризам, не може да се утврди националниот интерес, како и ограничените буџетски средства за оваа намена.

Комисијата за **меѓународна дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 33-828/1 од 30.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево** предложи проектот од точката 2 на ова решение да се одбие од следниве причини:

- Турнеја на КУД „Рацин" во Анталија, Турција (Проектот се одбива поради некомплетна документација (покана или преписка со странскиот партнер).).

Во согласност со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Во согласност со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид горенаведеното, министерот за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение, во рок од 30 дена од денот на неговото доставување, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

М И Н И С Т Е Р

Зоран Љутков

Доставено до:
- Националната установа
-архивата на Министерството за култура и туризам

Подготви: Бесим Ибраими, советник
Одобри: Снежана Иванова-Китанова, помошник раководител на Сектор
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготвил: Цветанка Јакимовска, виш соработник
Согласен: Владимир Попоски, раководител на Сектор

Подготвил: Љубица Стефановска, советник
Одобри: Гордана И. Велковска, раководител на Сектор
Согласен: м-р Ирина Димовска, државен советник

Подготви/Одобри: Елена Николовска, раководител на Одделение
Согласна: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви: Бесим Мемиш, помлад соработник
Одобри: Беса О.Муртеза, раководител на одделение
Одобри: Снежана Иванова-Китанова, помошник раководител на Сектор
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви:М.М.Аџигогова, соработник
Одобри:Х.Сопи, помошник раководител на Сектор
Согласен: м-р М. Седрак, раководител на Сектор

Подготви: м-р Весна Ѓуровска, советник
Одобри: д- Билјана Туџаровска-Ќупева, раководител на Сектор
Согласен: м-р Катерина Пејкова, државен советник

***Одделение за библиотечна дејност***
Подготви: Lumturije Zajazi, раководител на одделение
Согласен:Afed Jashari, државен советник